**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН

# НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЗА ДЕЛОВНАТА 2020 ГОДИНА

**Скопје, 2019 година**

## I. ЗАКОНСКА ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

Врз основа на член 184 став 1, алинеа н) од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014,15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија донесува програма за работа, финансиски план и годишна сметка и го усвојува годишниот извештај за работењето на Комисијата.

Во финансискиот план детално се презентирани планираните приходи и расходи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, планирани врз основа законските надлежности и предвидените активности за 2020 година.

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕЛОВНАТА 2020 ГОДИНА

| | ОПИС | Планирано 2020 | % |
|---|---|---|---|
| **А** | **ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ** | ***63.130.00*** | ***100*** |
| **1** | Планирани приходи од надоместоци од субјектите по Тарифник на КХВ на РСМ (од 1-7) | 55.500.000 | *87,91* |
| **2** | Планирани приходи од камати | 1.500.000 | *2,38* |
| **3** | Останати планирани приходи (9,10 и 11) | 6.130.000 | *9,71* |
| **Б** | **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ** | | |
| **1** | Материјални трошоци | 3.910.000 | *6,19* |
| **2** | Трошоци за вработени | 32.500.000 | *51,48* |
| **3** | Надоместоци за надворешни комисионери | 1.600.000 | *2,54* |
| **4** | Нематеријални трошоци | 22.380.000 | *35,45* |
| **В** | **НАБАВКА НА СТОКИ** | 2.740.000 | *4,34* |
| **Г** | **ВКУПНО РАСХОДИ (Б+В)** | ***63.130.000*** | ***100*** |
| **Д** | **ПРИХОДИ – РАСХОДИ (А-Г)** | ***0*** | |

## II. ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2020 ГОДИНА

| | Приходи | Планирано 2019 (во денари) | Остварени приходи 2019 (проценето) | % на реализација | Планирано 2020 (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од одобренија (емисии и преземања на АД) | 15.600.000 | 33.704.851 | 216,05 | 20.000.000 |
| 2 | Приходи од надзор на брокерски куќи | 3.000.000 | 2.556.485 | 85,22 | 3.000.000 |
| 3 | Приходи од надзор на ДУИФ и инвестициски фондови | 12.000.000 | 12.375.184 | 103,13 | 13.000.000 |
| 4 | Приходи од надзор на Македонска Берза | 8.920.000 | 7.514.162 | 84,24 | 9.000.000 |
| 5 | Приходи од надзор на ЦДХВ | 8.500.000 | 7.499.040 | 88,22 | 9.000.000 |
| 6 | Приходи од дозволи и други согласности | 1.000.000 | 575.000 | 57,5 | 1.000.000 |
| 7 | Приходи од организирање на обуки / полагање на испити | 1.000.000 | 63.995 | 6,39 | 500.000 |
| 8 | Приходи од камати за депозити | 1.500.000 | 1.200.000 | 80 | 1.500.000 |
| 9 | Приходи од продажба на недвижен и подвижен имот | - | 24.580 | - | - |
| 10 | Останати приходи | 500.000 | 400.153 | 80,03 | 500.000 |
| 11 | Резервен фонд | 5.170.000 | - | - | 5.630.000 |
| | **Вкупен приход** | **57.190.000** | **65.913.450** | **115,25** | **63.130.000** |

## ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ПРИ ПРОЕКТИРАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА:

Проектирање на приходите на Комисијата за 2020 година претставува процес кој опфаќа неколку фази во кои се вклучени сите нивоа во организационата поставеност во институцијата односно постапката за проектирање започнува од организационите единици имајќи ги предвид нивните утврдени активности и работни задачи за наредната година.

Во Законот за хартии од вредност е утврдена законската основа за реализација на приходи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Врз основа на член 227 од Законот за хартии од вредност средствата за работа се обезбедуваат од надоместоци кои Комисијата ги наплатува за покривање на трошоците за извршените услуги. Надоместоците што ги наплатува Комисијата се:

а) надоместоци за одлучување по барање на одобрение за издавање на хартии од вредност;

б) надоместоци за одлучување по барање на дозволи за работење на сите овластени учесници на пазарот со хартии од вредност, односно брокерски куќи, берзи, депозитари, банки, брокери и инвестициони советници;

в) надоместоци утврдени со Законот за инвестиционите фондови;

г) надоместоци утврдени со Законот за преземање на акционерски друштва;

д) надоместоци за одлучување по барање на согласност на актите на здруженијата на учесниците на пазарот на хартии од вредност;

ѓ) надоместоци за одлучување по барање на согласност за именување на директори на учесниците на пазарот на хартии од вредност;

е) надоместоци за надзор на берзите;

ж) надоместоци за надзор на брокерските куќи;

з) надоместоци за надзор на депозитарите;

ѕ) надоместоци за вршење теренска контрола кај учесници на пазарот на хартии од вредност;

и) надоместоци за разгледување и проверка на извештаите на акционерски друштва со посебни обврски за известување и

ј) други приходи што Комисијата ги остварува од своето работење.

Во 2020 година главните извори на приходи се остваруваат од:

-надоместоци за одлучување по барање на одобрение за издавање на хартии од вредност и преземање на акционерски друштва со предвидени 31,68% од вкупните приходи проектирани за 2020 година;

- надоместоци за надзор на берзата, депозитарот, брокерските куќи, друштвата за управување со инвестициски фондови и инвестициските фондови со предвидени 53,87% од вкупните приходи проектирани за 2020 година;

- надоместоци за одлучување по барање на дозволи, согласности со предвидени 1,58% од вкупните приходи проектирани за 2020 година;

- други приходи од редовно работење со предвидени 3,96% од вкупните приходи проектирани за 2020 година;

Согласно член 228 став 1 од Законот за хартии од вредност, од вишокот на приходи над расходи од работењето на Комисијата се формира резервен фонд. Средствата од резервниот фонд се користат за финансирање на недостигот на средства на Комисијата, премостување на временската неусогласеност на приходите над расходите на Комисијата и во функција на развој и унапредување на работењето на Комисијата.

Во 2020 година освен проектираните приходи од редовно работење ќе се искористат средства од резервниот фонд во висина од 5.630.000 денари односно 8,91% од вкупните приходи, кои ќе бидат насочени во надградба и осовременување на ИТ инфраструктурата со цел ефикасно соочување со предизвиците и ризиците во работењето и унапредување на софтверските ресурси.

## III. ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2020 ГОДИНА

| | | | ВИД НА РАСХОДИ | Планирано 2019 (во денари) | Остварено 2019 (во денари) проценето | Индекс Планирано/ Реализација | Планирано 2020 (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **А** | | | **Материјални трошоци (1+2+3+4+5+6+7+8)** | **3,820,000** | **2.849.018** | ***74,58*** | **3.910.000** |
| | **1** | | Трошоци за електрична енергија | 1,000,000 | 611.596 | *61,16* | 1.100.000 |
| | **2** | | Трошоци за вода, комуналии | 100,000 | 40.448 | *40,45* | 50.000 |
| | **3** | | Трошоци за фиксна телефонија и интернет | 360,000 | 230.640 | *64,07* | 360.000 |
| | **4** | | Трошоци за мобилна телефонија | 600,000 | 522.819 | *87,14* | 450.000 |
| | **5** | | Трошоци за пошта | 360,000 | 251.616 | *69,89* | 350.000 |
| | **6** | | Трошоци за весници, списанија,стручна литература и објави (Службен весник, ЕСЈН и др) | 900,000 | 772.245 | *85,80* | 1.000.000 |
| | **7** | | Трошоци за претплата на информативни агенции | 200,000 | 159.654 | *79,83* | 200.000 |
| | **8** | | Трошоци гориво, паркинг и патарини | 300,000 | 260.000 | *86,67* | 400.000 |
| **Б** | | | **Трошоци за вработени** (бруто плати и надоместоци согласно колективен договор и договор по ЗРО ) | **32,500,000** | **25.975.678** | ***79,92*** | **32.500.000** |
| **В** | | | **Надоместоци за надворешни комисионери** | **1,800,000** | **1.599.984** | ***88,88*** | **1.600.000** |
| **Г** | | | **Нематеријални трошоци (1.1-1.7)** | **15,690,000** | **12.093.422** | ***77,08*** | **22.380.000** |
| | **1.1** | | **Трошоци за редовно работење во дејноста** | **4,600,000** | **3.376.894** | *73,41* | **5.360.000** |
| | | 1.1.1 | Трошоци за организација на обуки за инвестициски советници, брокери и корпоративни секретари | 710,000 | 620.000 | *87,32* | 800.000 |
| | | 1.1.2 | Трошоци за стручно усовршување, обука на вработените и семинари | 750,000 | 620.000 | *82,67* | 800.000 |
| | | 1.1.3 | Набавка на правни и консултантски услуги во областа на правото и IT услуги | 400,000 | 73.000 | *18,25* | 250.000 |
| | | 1.1.4 | Набавка на услуга-ревизија на завршната сметка | 100,000 | 95.580 | *95,58* | 150.000 |
| | | 1.1.5 | Набавка на печатарски услуги | 610,000 | 320.000 | *52,46* | 500.000 |
| | | 1.1.6 | Набавка на преведувачки и лекторски услуги | 2,000,000 | 1.618.314 | *80,91* | 2.400.000 |
| | | 1.1.7 | Набавка на услуга- електронска збирка на прописи | 30,000 | 30.000 | *100* | 70.000 |
| | | 1.1.8 | Расходи за соработка со други регулаторни тела и меѓународни организации | / | / | / | 300.000 |
| | | 1.1.9 | Набавка на бар код читачи за евиденција на основни средства | / | / | / | 90.000 |
| | **1.2** | | **Трошоци за членарини** | **1,220,000** | **1,176,966** | *96.47* | **1,220,000** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.2.1 | Трошоци за годишна членарина IOSCO | 1,100,000 | 1,081,588 | *98.33* | 1,100,000 |
| | | 1.2.2 | Трошоци за годишни членарини во други организации (Меѓународна мрежа за финансиска едукација,OPM) | 120,000 | 95,378 | *79.48* | 120,000 |
| | **1.3** | | **Трошоци за службени патувања** | **2,000,000** | **1.251.223** | ***62,56*** | **1.850.000** |
| | | 1.3.1 | Набавка на услуги за обезбедување на авиобилети | 1,200,000 | 433.413 | *36,12* | 900.000 |
| | | 1.3.2 | Трошоци за службени патувања и патни трошоци во земјата | 100,000 | 56.672 | *56,67* | 100.000 |
| | | 1.3.3 | Трошоци за службени патувања и патни трошоци во странство | 700,000 | 761.138 | *108,73* | 850.000 |
| | **1.4** | | **Трошоци за репрезентација** | **450,000** | **400.000** | *88,88* | **450.000** |
| | **1.5** | | **Трошоци за репрезентативен материјал** | **200,000** | **95.000** | *47,5* | **150.000** |
| | **1.6** | | **Трошоци за нови софтверски решенија, функционирање и одржување на софтверски и хардверски системи** | **4,660,000** | **4.050.362** | ***86,92*** | **9.020.000** |
| | | 1.6.1 | Набавка на нови софтверски решенија за сметководство и плати | 190,000 | 187.950 | *98,92* | - |
| | | 1.6.2 | Набавка на нови софтверски решенија DMS, е-архива, и интеграција на систем за евиденција на работно време и HR | 830,000 | 743.624 | *89.59* | - |
| | | 1.6.3 | Надградба на информатички систем за Супервизија и известување (SRIS) | 1,550,000 | 1.365.000 | *88,06* | 6.300.000 |
| | | 1.6.4 | Набавка за обнова на лиценца за антивирусни програми | 120,000 | 15.750 | *13,12* | 120.000 |
| | | 1.6.5 | Набавка за обнова на лиценца на DRC (back up на податоци) | 360,000 | 354.000 | *98,33* | 450.000 |
| | | 1.6.6 | Набавка за обнова на серверски сертификати за потребите на системот SRIS | 150,000 | 20.918 | *13,94* | 50.000 |
| | | 1.6.7 | Трошоци за одржување на софтвер за спроведување на стручни испити | 250,000 | 200.000 | *80* | 250.000 |
| | | 1.6.8 | Трошоци за адаптивно и превентивно одржување на постојните софтвери | 710,000 | 710.000 | *100* | 1.400.000 |
| | | 1.6.9 | Трошоци за одржување на компјутерска и серверска опрема | - | - | - | 450.000 |
| | | 1.6.10 | Изработка и дизајн на нова веб страна –(3 јазика) со интеграција со СРИС и систем за известување на АДПОИ | 500,000 | 453,120 | *90,62* | - |
| | **1.7** | | **Трошоци за безбедност и одржување на деловни простории** | **300,000** | **73,514** | ***24,50*** | **380.000** |
| | | 1.7.1 | Набавка на услуги – трошоци поврзани со управување, тековно и инвестиционо одржување на деловни простории на нов објект | 150,000 | 73,514 | *49,01* | 200.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.7.2 | Набавка на услуги за исполнување на мерки од областа на безбедност и здравје при работа | 150,000 | - | -- | 150.000 |
| | | 1.7.3 | Систематски преглед на вработените | - | - | - | 30.000 |
| | **1.8** | | **Други трошоци** | **2,260,000** | **1.669.463** | ***73,87*** | **3.950.000** |
| | | 1.8.1 | Провизија на платен промет | 150,000 | 120.000 | *80* | 150.000 |
| | | 1.8.2 | Набавка на услуги за осигурување (основни, транспортни средства и патничко осигурување) | 190,000 | 89,442 | *47,07* | 150.000 |
| | | 1.8.3 | Набавка на услуга - сервис и одржување на патнички моторни возила со резервни делови и гуми | 540,000 | 340.000 | *62,96* | 400.000 |
| | | 1.8.4 | Трошоци за судски процеси | 100,000 | - | - | 200.000 |
| | | 1.8.5 | Обнова на сертификат за ИСО 9001:2015 | 180,000 | 87,615 | *48,67* | - |
| | | 1.8.6 | Идејно решение за лого за КХВ на РСМ и други идејни решенија | 100,000 | 61,764 | *61,76* | 150.000 |
| | | 1.8.7 | Набавка на ИСО сертификат 27000 за заштита на база на податоци и други лиценци и сертификати | 600,000 | 310.000 | *51,66* | - |
| | | 1.8.8 | Услуги за организација на настани и конференции | - | - | - | 850.000 |
| | | 1.8.9 | Услуги за ангажирање на едукатори за стручни испити | | | | 800.000 |
| | | 1.8.10 | Набавка на молерофарбарски услуги за деловен простор | - | - | - | 500.000 |
| | | 1.8.11 | Доплата на комунални трошоци за дополнителен деловен простор над основниот проект | - | 210.642 | - | - |
| | | 1.8.12 | Трошоци за административни услуги од други институции (централен регистар и др.) | | | | 250.000 |
| | | 1.8.13 | Останати расходи (обврски по ф-ри со мала вредност и надвор од ЗЈН ) | 400,000 | 450.000 | *112,5* | 500.000 |
| **Д** | | **1** | **Набавка на стоки (основни средства и др.)** | **3,380,000** | **2.358.537** | *69,78* | **2.740.000** |
| | | 1.1 | Опремување на заеднички простории | 300,000 | - | - | 300.000 |
| | | 1.2 | Опремување на деловен простор | 360,000 | 360.000 | *100* | 700.000 |
| | | 1.3 | Трошоци за лизинг на патничко моторно возило | 750,000 | 750.000 | *100* | - |
| | | 1.4 | Набавка на тонери и кертриџи | 240,000 | 41,801 | *17,42* | 180.000 |
| | | 1.5 | Набавка на канцелариски материјали и хартија за печатење | 190,000 | 110.000 | *57,89* | 150.000 |
| | | 1.6 | Набавка на тоалетна хартија и средства за хигиена | 180,000 | 80.000 | *44,44* | 150.000 |
| | | 1.7 | Набавка на компјутерска опрема (компјутери, печатачи, опрема за симултан превод, скенери и др.) | / | | | 900,000 |
| | | 1.8 | Набавка на уред за складирање на податоци (storage) | 1,000,000 | 840,000 | *84,00* | - |
| | | 1.9 | Набавка на плакари за архива и библиотека | 360,000 | 176,736 | *49,09* | - |
| | | 1.10 | Набавка на уништувач на хартија, сеф и потпирачи | - | - | - | 360.000 |
| | | | ***ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б+В+Г+Д)*** | ***57.190.000*** | ***44.876.639*** | ***78,47*** | ***63.130.000*** |

## ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ПРИ ПРОЕКТИРАЊЕ НА РАСХОДИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА:

Финансиските средства потребни за исполнување на активностите на Комисијата за хартии од вредност, согласно надлежностите од Законот за хартии од вредност, се планирани врз основа на анализа на историските податоци за остварените трошоци, постапките за јавни набавки, споредбени анализи, како и активностите и мерките кои треба да ги реализира Комисијата согласно Програмата за работа во 2020 година, кои би значеле:

- Воспоставување на систем на обелоденување на податоците и на информациите-финансиски и нефинансиски од страна на овластените пазарни учесници;
- Зајакнување на корпоративното управување на овластените пазарни учесници со примена на високи стандарди, зголемена одговорност на релевантните лица, зајакнување на механизмите на внатрешна и надворешна контрола и транспарентност;
- Континуирана едукација за корисниците на финансиски услуги, со цел соодветно, детално информирање за можностите за инвестирање и за заштита на вложените средства;
- Креирање на законска регулатива со примена на највисоките европски стандарди, принципи и трендови во финансиската област заради постигнување на еднаков пристап и третман кон сите учесници на пазарот на хартии од вредност- домашни и странски партиципиенти;
- Соработка заради размена на податоци и информации со домашни и со странски регулаторни органи заради ефикасно и ефективно справување со недозволените и незаконските активности и постапки, насочени кон нарушување на пазарниот интегритет;
- Создавање на можности за развој на човечкиот потенцијал, заради подобро соочување со предизвиците на глобалните трендови на пазарите на хартии од вредност, промовирајќи еднакви можности и застапеност на сите етнички заедници;

Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија при планирање на трошоците за работењето за 2020 година, го има во предвид рационалното трошење на потребните средства за квалитетно, континуирано и ефикасно извршување на задачите, обврските и надлежностите кои произлегуваат од законите во нејзина надлежност.

Вкупните расходи – потребни средства за исполнување на планираните обврски и активности во 2020 година изнесуваат 63.130.000 денари, што претставува зголемување за 10,38% во однос на одобрените расходи со финансискиот план за 2019 година. Зголемувањето на средствата за расходи се должи на мисијата и визијата за раст и развој на институцијата заради реализација на приоритетите и целите за дејствување и предизвиците со кои ќе се соочи Комисијата за хартии од вредност поради интензивирање на процесот на ЕУ-интеграција и заокружување на легислативното усогласување со релевантните ЕУ директиви.

Значителен дел од планираните средства односно 14,29% ќе бидат искористени за развојни цели и зајакнување на ИТ инфраструктура преку набавка на нови софтверски решенија кои би значеле создавање на капацитет за справување со сите предизвици кои ја очекуваат институцијата во наредниот период.

За реализација на едукативната функција и зголемување на финансиската писменост на пазарот на капитал, ќе бидат искористени 4,36% од вкупните планирани расходи, со што ќе се постигне реализација на една од основните функции на Комисијата-едукативната функција.

Финансиските средства за 2020 година се планира да бидат искористени за следните потреби:

***А. Материјалните трошоци*** се предвидени со минимално зголемување во однос на планираното во 2019 година како резултат на реалните и пазарните зголемувања на режиските трошоци, преземени обврски согласно двегодишни договори за јавни набавки, фактичката реализација согласно зголемениот обем на работа.

За 2020 година за електрична енергија се предвидуваат средства во повисок износ споредено со 2019 година, имајќи предвид дека загревањето и ладењето во институцијата е целосно на електрична енергија и притоа трошоци за загревање (централно греење) во планот на расходи не се предвидени. Средствата за фиксна телефонија и интернет се предвидени со одредено намалување имајки ја предвид реализацијата и намалените трошоци како резултат на добиените цени по спроведената јавна набавка .

Трошоците за мобилна телефонија се предвидени со намалување имајќи го предвид движењето на цените на услугите кои ги даваат мобилните оператори и се поголемата либерализација во оваа дејност.

Зголемен е и планираниот износ на средства за објави во весници имајќи ги во предвид програмските цели за 2020 година, зголемената транспарентност при реализација на активностите на Комисијата кои се публикуваат, јавните објави согласно Законот за хартии од вредност и Законот за прекршоци, како и потребата од набавка на стручна литература за усовршување на вработените.

Во делот на амортизацијата на основните средства, во планот не е предвиден износ бидејќи амортизацијата се рефлектира во деловниот фонд и не претставува трошок на Комисијата.

***Б. Трошоци за вработени (бруто плати и надоместоци согласно колективен договор и договор по ЗРО)*** во 2020 се предвидени со исто ниво како и планираните во 2019 година. Износот на трошоци за вработени е на исто ниво имајќи предвид дека 2019 година, иако планирани не се реализира ниту едно вработување односно не се направи кадровско доекипирање и зајакнување на Стручната служба. Имајќи го предвид зголемениот обем на работа и поголемиот број на активности кои произлегуваат од Програмата за работа за 2020 година и засилените евроитеграциски процеси, во 2020 година се планирани нови вработувања притоа ќе се има предвид квалитетот на потенцијалните кандидати и принципот на соодветна и правична застапеност.

***В. Надоместоци за надворешни комисионери*** се предвидуваат на исто ниво имајќи ја предвид реализацијата во 2019 година.

***Г. Нематеријалните трошоци*** за 2020 година во одреден дел се предвидени на ниво на постоечките ставки од претходната година додека некои се планирани со одредено зголемување. Кај одреден дел од ставките има зголемување, кое се должи на потребата од подобрување на квалитетот во работата на институцијата, квалитетот на организација на обуки, стручното усовршување и унапредување на вработените во Комисијата.

Во финансискиот план е предвиден одреден износ за организација на конференции и настани, имајќи ја предвид зголемената активност на Комисијата на меѓународен план во рамки на IOSCO, под чие покровителство се планира организација на меѓународна конференција наредната година. Дополнително во наредната година се планира организација на неколку настани поврзани со пазарот на капитал.

Имајќи ја предвид програмската определба за зајакнување на човечкиот потенцијал и аналитичките способности и експертиза на вработените средствата за стручно усовршување и обука се предвидени со определено зголемување со цел зголемување на капацитетите на вработените за справување со предизвиците од новите трендови и либерализацијата на пазарот на капитал.

Во делот на чланарини за учество во работа на меѓународни и домашни организации, нивото на расходи е ист како и во 2019 година, со оглед на фактот што висината на членарината за членство во IOSCO е иста, пришто единствено се прилагодува за износот на инфлација кој го има во земјата на седиште на организацијата (Мадрид-Шпанија).

Имајќи ги во предвид програмските определби за создавање на модерна ИТ инфраструктура во делот на нематеријалните трошоци значителен износ се предвидува за нови софтверски решенија, како и за функционирање и одржување на постоечките софтверски системи (ДМС, е-архива, информатички систем за супервизија и известување, материјално-сметководствено работење).

Со новото софтверско решение ќе се обезбеди поголема транспарентност, достапност на податоците и ќе се олесни доставувањето на финансиски и нефинансиски податоци од овластените учесници на пазарот на капитал (брокерските куќи, банки, берзи и депозитари) до КХВ. Со изработката на овој систем ќе се овозможи и јавен пристап до одредени податоци кои ги доставуваат овластените учесници. СРИС системот ќе се надгради со интелигентен модул во кој ќе бидат имплементирани индикатори за следење на предефинирани вредности од известувањата на фондовите со цел нивно следење и пронаоѓање аномалии и известување до одговорните лица во КХВ со цел активно системско мониторирање на фондовите. Дополнително заради постигнување на поголема ефикасност во работата ИТ инфраструктурата ќе се зајакен и со модул кој ќе овозможи на ДУИФ да поднесуваат одредени барања електронски (за измена на порспекти и статути, нови фондови) електронски преку системот. Овој тип на барања имаат повеќе документи и се обемни поради што би требало да биде предвиден поголем простор за истите да можат да бидат закачени на системот. Надградбата на СРИС системот ќе биде и со

модул за пресметка на провизии кои треба да се наплатат од страна на фондовите, брокерските куќи, берза и депозитар.

Дополнително во делот нематеријални трошоци предвидени се средства за одржување на хардверската опрема имајќи предвид дека гарантниот рок на набавената нова компјутерска опрема е истечен и тековното одржување е потребно за обезбедување на континуитет во работењето.

Во дел на нематеријалните трошоци предвидено е зголемување на трошоци за организација на обуки за инвестициски советници, брокери и корпоративни секретари со цел да се ангажираат квалитетни едукатори кои ќе подготват материјали кои одговараат на моменталнната состојба на пазарите на капитал.

Износот на нематеријални трошоци кој се предвидува за службени патувања е зголемен поради планираното учество на состаноци на регулаторните тела од ЕУ, IOSCO, присуство на семинари, соработка со регулаторните тела на соседните земји со цел размена на искуство. Дел од овие трошоци се за учество на преставници на Комисијата во работните групи кои ќе учествуваат во работата на разните поткомитетите на ЕУ и скрининг процесите, како дел од подготовките за почеток на преговорите за членство на државата во Европската Унија.

Во делот на нематеријални трошоци предвидени се трошоци за обезбедување на редовното функционирање на Комисијата за хартии од вредност на РСМ, пришто се обезбедени средства за осигурување на имотот на Комисијата, предвидено е тековно и инвестиционо одржување на деловните простории на Комисијата, трошоци за сервисирање на возила и др.неопходни трошоци.

Набавките на КХВ на РМ во 2020 година се во согласност со Планот за јавни набавки на КХВ во деловната 2020 година и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Трошоците за набавка на стоки | **10.890.000 ден.** |
| б) Трошоци за набавка на услуги | **9.430.000 ден.** |
| Вкупно по планот за јавни набавки за 2020 | **20.320.000 ден.** |

**Број 05-1388/1**
**Скопје,**
**20.12.2019 година**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc Nora Aliti**